# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

ЈУНИ, 2023

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РСМ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА РЕГИСТРИРАНИТЕ СЛУЧАИ НА ВЕБ ПЛАТФОРМАТА WWW.GOVORNAMOMRAZA.MK:



| | |
|---|---|
| 104 | Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет |
| 46 | Говор на омраза поради етничка припадност |
| 13 | Говор на омраза по национална припадност |
| 6 | Говор на омраза поради политичка припадност |
| 5 | Говор на омраза поради пол и род |
| 4 | Говор на омраза поради раса/боја на кожа |
| 2 | Говор на омраза поради религија и религиско уверување |
| 1 | Говор на омраза поради интелектуална или физичка попреченост |

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.

Во текот на месец јуни на веб платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани **155** случаи со елементи на говор на омраза и вознемирување по различни основи.

Во **месецот на гордоста** регистрирани се рекордни

**105 (57%)**

случаи на говор на омраза врз сексуална ориентација и родов идентитет, како и

**46 (25%)**

случаи на етничка припадност, како и

**13 (7%)**

случаи врз основа на национална припадност.

Предрасудите кон лицата од ЛГБТИ заедницата излегоа на виделина и говорот на омраза се зголемуваше пропорционално со видливоста на оваа заедница. Од прес конференцијата за најавата за одржувањето на Парада на гордоста на 4 јуни, па до одржување на парадата на гордоста на 24 јуни забележани се коментари кои промовираат омраза, омаловажуваат, повикуваат на насилство и ликвидација на оваа заедница. Иако говор на омраза на социјалните мрежи насочен кон оваа заедница стана вирален, ниту обвинителството ниту Комисијата за спречување и заштита од дисриминација не поведе ниту една постапка за заштита од говорот на омраза по службена должност. Хелсиншкиот комитет поднесе претставка за вознемирување на социјалните мрежи по основ на сексуална оринтација и родов идентитет, за што сѐ уште нема резрешница.

ВО ОДНОС НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ПОМЕЃУ ЕТНИЧКИТЕ ЗАДНИЦИ И ОВОЈ МЕСЕЦ ЗАБЕЛЕЖАН Е ДИСКУРС КОЈ УКАЖУВА НА НЕТОЛЕРАНЦИЈА И НЕПРИЈАТЕЛСТВО ПОМЕЃУ ДВЕТЕ НАЈГОЛЕМИ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ, МАКЕДОНСКАТА И АЛБАНСКАТА.

ВО МЕСЕЦ ЈУНИ ВО БИТОЛА НА КУЌИТЕ КАДЕ ШТО ЖИВЕЕ РОМСКО НАСЕЛЕНИЕ БЕА НАЦРТАНИ КУКАСТИ КРСТОВИ, ЗА ШТО ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ ПОДГОТВУВА КРИВИЧНА ПРИЈАВА ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ ОМРАЗА,РАЗДОР И НЕТРПЕЛИВОСТ СОГЛАСНО ЧЛЕН 319 ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК.

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.